**2605.**

Врз основа на член 9 и член 27 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, бр.25/2007 и бр.07/2008) и член 4 и член 7 од Законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвата АД Органско хемиска индустрија Наум Наумовски-Борче Скопје, АД за истражување, проектирање, производство и изградба на енергетски индустриски објекти со полна одговорност ЕМО - Охрид, Тутунски комбинат АД Прилеп и Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври-Еуро композити АД Прилеп („Службен весник на Република Македонија“ бр.159/2008) Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 30.10.2009 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА**

1. На Акционерско друштво за истражување, проектирање, производство и изградба на енергетски и индустриски објекти со полна одговорност - Охрид, со скратен назив ЕМО АД Охрид се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност - втора емисија на 247.285 обични акции, во вреднсот од 7.586.703,8 евра односно 464.038.461,92 денари согласно Одлуката бр. 0201-4387/5 од 07.08.2009 година за зголемување на основната главнина на ЕМО ОХРИД АД, со издавање на втора емисија на обични акции по пат на приватна понуда.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката бр. 0201-4387/5 од 07.08.2009 година за зголемување на основната главнина на ЕМО ОХРИД АД, со издавање на втора емисија на обични акции по пат на приватна понуда.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот на хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2637/12
30 октомври 2009 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
**Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

**2606.**

Врз основа на член 232-а и 242 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), член 16, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 64 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ бр. 62/2006), а во врска со член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр. 07-268/1 од 18-01-2008 година против Друштвото за земјоделство и сточарство „Сингелиќ“ АД Скопје, на седницата одржана на ден 19.10.2009 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ УТВРДУВА дека Друштвото за земјоделство и сточарство „Сингелиќ“ АД Скопје (целосен назив), Сингелиќ АД Скопје (скратен назив), седиште: ул. „Антон Попов“ бб, Сингелиќ, Скопје, ЕМБС 52752288 и единствен даночен број 4030999358650 сторило прекршок со несторување, при тоа не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор; доставување на тримесечни финансиски извештаи за првото тромесечје од годината и на доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

2. Непостапувањето согласно член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за сторениот прекршок од член 242 став 1 од Законот за хартии од вредност му се изрекува ЕДИНСТВЕНА ПРЕКРШОЧНА САНКЦИЈА ОПОМЕНА.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 08-2752/2
19 октомври 2009 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
**Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

**2607.**

Согласно член 119 став 4 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2009) и член190 став 4 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 96/2005, 25/2007,7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на 25.09.2009 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПОСТАПКА, УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ПРИПОЈУВАЊЕ НА ОТВОРЕНИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ**

Член 1

Со Правилникот за постапката, условите и начинот за припојување (во понатамошниот текст: припојување) на отворени инвестициски фондови ( во понатамошниот текст: фондови) се пропишува постапката, условите и начинот за припојување на отворени инвестициски фондови.

Член 2

Еден или повеќе фондови може да се припојат (фонд што се припојува) кон друг фонд (фонд што презема) без да се поведе постапка за ликвидација, со пренос на целиот имот и на обврските на едниот или повеќето фондови што се припојуваат, во замена за удели од фондот што презема.

Сопствениците на удели од отворениот фонд што се припојува примаат удели од фондот што презема.

Член 3

Не може да се врши припојување на:

- отворен со затворен фонд:
- на фондови кои имаат различни инвестициски политики и
- доколку Комисијата утврди дека инвеститорите би биле оштетени од припојувањето.

Член 4

Вредноста на уделите на фондот кој презема се одредуваат на следниот начин:

- се зема вредноста на уделот од фондот што презема и фондот што се припојува;
- се формира нова вредност на уделите на фондот што презема на начин што од вкупниот нето имот на фондот што презема согласно бројот или вредноста на уделите се пресметува вредноста или бројот на уделот на фондот што презема.

Член 5

Во зависност од зголемувањето односно намалувањето на вредноста и бројот на уделот на фондовите кои учествуваат во припојувањето секој од сопствениците на уделите би добил соодветно повеќе или помалку удели од фондот што презема.

Независно од избраниот начин на пресметка и менувањето на бројот на удели на сопствениците на удели износот добиен од бројот на уделите помножен со вредноста на уделот мора де е еднаков со износот пред постапката за припојување, со што ќе се запази учеството во сопственичката структура на сопствениците на уделите какво што го имале пред постапката на припојување.

Припојувањето не се смета како влегувањето и излегувањето од фондот и затоа на сопствениците на удели не им се наплатува надоместок за влез и излез.

Член 6

Припојувањето на фондовите може да се спроведе доколку:

- друштвото односно друштвата за управување со инвестициски фондови ( во понатамошниот текст: друштво за управување) донело одлука за нивно припојување;
- Комисијата за хартии од вредност дала предходно одобрение за припојување и
- депозитните банки на фондовите кои се припојуваат дале согласност за припојувањето.

Член 7

Припојувањето на фондовите може да се спроведе на два начина:

- припојување на фондови со кои управуваат различни друштва за управување и
- припојување на фондови со кои управува исто друштво за управување .

Друштвото за управување односно неговиот надзорен одбор или одборот на директори ако се работи за припојување на фондови со кои управува исто друштво, друштвата за управување односно нивните надзорни одбори или одборот на директори , ако се работи за припојување на фондови со кои управуваат различни друштва донесува/донесуваат одлука за припојување и програма за припојување, а ако се работи за припојување на фондови со кои управува различни друштвата за управување нивните надзорни одбори или одборот на директори склучуваат спогодба за припојување.

Спогодбата за припојување и програма за припојување мора да го содржат следното:

- полн назив на друштвото/а кои управуваат со фондовите кои се припојуваат, основниот капитал и запишаниот предмет на работа;
- почеток на работа, име, вид и вредност на имотот на фондовите кои се припојуваат;
- име на новиот фонд по припојувањето;
- рок и начин на припојувањето;
- датум на пресек;
- цели и услови на припојувањето;
- соодносот според кој ќе се врши размената на уделите;
- висина на евентуални доплати во пари за уделите кои ќе се стекнат од фондот што презема;
- права коишто им се признаваат и посебни погодности на имателите на удели и
- пресметка на вредноста на уделот во новиот фонд.

Составен дел на спогодбата од став 3 на овој член се:

- предлог-одлука на измените и дополнувањата на Статутот на фондот кој презема;
- вредност на средствата и обврските на фондот што се припојува која се пренесува на фондот што презема и
- листа на иматели на удели на фондот кој се припојува и иматели на удели на фондот кој презема.

Член 8

Друштвото за управување по донесување на одлуката за припојување е должно за припојувањето на фондот без одложување да ја извести јавноста со повик за сите иматели на удели во фондот што се припојува.

Имателите на уделите кои во период од 5 дена пред завршувањето на постапката за припојување сакаат да истапат од фондот, друштвото за управување не смее да им пресмета и наплати излезен надоместок.

Член 9

Друштвото за управување односно неговиот надзорен одбор или одборот на директори , ако се работи за припојување на фондови со кои управува исто друштво, друштвата за управување односно нивните надзорни одбори или одборот на директори ако се работи за припојување на фондови со кои управуваат различни друштва кои што ја склучиле спогодбата составуваат извештај во писмена форма со којшто во подробности:

- ќе ги образложат причините, односно целта којашто треба да се постигне со припојувањето;
- ќе ги образложат правните и деловните прашања како и предложените правни и економски основи под коишто ќе се врши присоединувањето;

- ќе ги објаснат критериумите и методите со коишто е утврден соодносот според којшто ќе се врши замена на уделите;

- ќе ги образложат содржината на документите и на предлог-актите за присоединувањето;

- ќе ги опишат тешкотиите коишто се појавиле во текот на постапката при проценката на имотот и на обврските;

- ќе ги образложат промените на имотот и на обврските настанати од денот на склучувањето на спогодбата.

Член 10

Друштвото за управување односно неговиот надзорен одбор или одборот на директори , ако се работи за припојување на фондови со кои управува исто друштво, друштвата за управување односно нивните надзорни одбори или одборот на директори , ако се работи за припојување на фондови со кои управуваат различни друштва до Комисијата за хартии од вредност поднесува/поднесуваат барање за одобрение за припојувањето на фондовите.

Кон барањето од став 1 од овој член се приложува:

- одлука/и за припојување на фондовите;

- спогодба за припојување;

- ревидирани годишни финансиски извештаи на друштвата кои учествуваат во припојувањето за последната година;

- последните годишни финансиски извештаи на друштвата за управување кои се однесуваат на деловна година која истекла пред 9 месеци, во кој период е потребно да биде склучен договорот за припојување. По истекот на наведениот рок се изготвуваат нови ревидирани финансиски извештаи за изминатиот период од тековната година;

- доказ дека друштвото за управување по завршувањето на постапката за припојување ќе ги задоволува одредбите од член 5 од Законот за инвестициски фондови;

- ревидирани годишни финансиски извештаи и извештаи за состојбата на фондовите кои учествуваат во припојувањето за последната деловна година:

- последните годишни финансиски извештаи на фондовите кои се однесуваат на деловна година која истекла пред 9 месеци во кој период е потребно да биде склучен договорот за припојување. По истекот на наведениот рок се изготвуваат нови ревидирани финансиски извештаи за изминатиот период од тековната година;

- список на поврзани лица на друштвото за управување кои учествуваат во постапката за припојување;

- согласност од депозитните банки за припојувањето на фондовите кои се припојуваат;

- елаборат за припојување кој содржи:

1. причини за припојување;

2. податоци за фондовите кои се припојуваат како: портфолио на фондовите, нето вредност на имотот на фондовите, вредност на уделот;

3. начин на припојувањето со образложение на начинот на припојување на имотите и пресметка на вредноста на уделот на новиот фонд и

4. поединости за фондот што презема, инвестициона политика, делокруг на работа.

Спогодбата и прилозите кои се нејзини составни делови се ставаат на увид на сопствениците на удели на фондовите во седиштето на друштвото/ата за управување.

Член 11

Друштвото за управување односно неговиот надзорен одбор или одборот на директори , ако се работи за припојување на фондови со кои управува исто друштво, друштвата за управување односно нивните надзорни одбори или одборот на директори, ако се работи за припојување на фондови со кои управуваат различни друштва во рок од 7 дена од донесување на одлуката за припојувањето на фондовите објавува/ат во Службен весник на РМ и во еден дневен весник известување за припојување на фондовите. Во известувањето мора да се објават следните податоци:

- полн назив на друштвото/а кои управуваат со фондовите кои се припојуваат, основниот капитал и запишаниот предмет на работа;

- почеток на работа, име, вид и вредност на имотот на фондовите кои се припојуваат;

- име на фондот што презема по припојувањето;

- рок и начин на припојувањето;

- цели и услови на припојувањето;

- соодносот според кој ќе се врши размената на уделите;

- рок и други подробности за вршење увид во документацијата и

- пресметка на вредноста на уделот во фондот што презема.

Член 12

Друштвото за управување е должно првиот ден по завршување на постапката за припојување да ги извести сите сопственици на удели за вредноста на уделот и бројот на удели во нивна сопственост од фондот што презема.

Член 13

За барањето за одобрение за припојување на отворените инвестициски фондови одлучува Комисијата за хартии од вредност во рок од 30 дена од добивање на барањето.

По спроведување на постапката за припојување во Регистерот на отворени фондови што го води Комисијата за хартии од вреднист, се брише идентификациски број на фонд што се припојува, а останува идентификацискиот број на фондот што презема.

Друштвото за управување е должно до Комисијата за хартии од вредност да достави изменет Статут и Проспект на фондот што презема.

**Преодни и завршни одредби**

Член 14

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1365/2 Комисија за хартии од вредност
25 септември 2009 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.